20262524524

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 124/25 и 212/26), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 октомври 2026 година донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 217/24, 85/25, 147/25, 11/26 и 144/26), во членот 1 зборовите: „до 31 октомври 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „до 31 јануари 2027 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 ноември 2026 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-6511/1
26 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.